**Цароф син се жена**

Си-б'ил еден-ст'ар ч'ојк. Т'ој си-'имал тр'и ќ'ерки. Ќ'ерки-му ст'ално тк'аеле пл'атно, а т'ој го-б'елел. 'Еднуш т'уа п'оминал с'ин-му от-ц'арот и му-р'екол: "Ког'а-падна сн'егот и кога-прок'опнеа? До-в'утре ако-не-м'и-кажеш, џ'елат ќе-те-ст'ора". Го-преч'екала ќ'ерка-му, пост'арата и-го-пр'ашала: "Шт'о-си 'олку, б'або: , н'апукан?" Т'ој ѝ-к'ажал какв'а-му-е м'аката, 'али т'аја не-зн'аела шт'о-значит т'оа и не-м'ожела да-му-к'ажет. Други'од-ден п'ак д'ошол с'ин-му от-ц'арот и с'еа му-д'ал м'увлет до-други'од-ден. Ко-се-вр'аќал н'азат, го-преч'екала посреднат'а-ќерка. И-т'аја го-пр'ашала како-и-пост'арата шт'о-е н'апукан, 'али 'и-таја не-зн'ајла да-му-к'ажет како-да-одг'оорит прет-с'ина-му от-ц'арот. На-треќи'од-ден п'ак з'аминал да-б'елит пл'атно. Д'ошол с'ин-му от-ц'арот и п'ак му-д'ал уште-еден-д'ен м'увлет. На-вр'аќан’е го-преч'екала најмалат'а-ќерка и го-запр'ашала: "Шт'о-си 'олку н'апукан, б'або?" Т'огај т'ој ѝ-р'екол: "Шт'о дека-ќе-ти-к'ажа, ко-н'е-мојш да-ми-п'омогнеш. Не-м'ожеа да-ми п'омогнат пост'арите да-т'и". Отко-ѝ-к'ажал в'о-што-е раб'отата, т'аја му-р'екла: "Ќе-му-р'ечеш на-с'инот от-ц'арот оти-'има три-г'одини откако-п'адна сн'егот, а с'ега прок'опнојт, оти-т'ој с'акат да-те-пр'ашат кога-ј'а-пуште бр'адата, а ког'а-почна да-поб'елојт".

Коа-му-одг'о͡орил ст'ариот на-с'ин-му от-ц'арот, т'ој го-з'апрашал кој-го-н'аучил т'ака да-одг'о͡ори. Ко-му-р'екол оти-му-к'ажала најмалат'а-ќерка, т'ој му-е-п'обарал за-ж'ена. Т'ака најмалат'а-ќерка се-ом'ажила за-царски'от-син.

Рушан Пишлевски (Христо Маџоски)